**Ерменија**

Поднесено до Ерменскиот уставен центар за заштита на правата (ACRPC).

Оваа приказна е дело на голем покоен ермленски писател, Hovhannes Tumanyan (1869 – 1923). Според биографот E. Jrbashyan на Tumanyan пред Tumanyan не постоеше никој кој што можеше да ја извади поезијата од нештата не како што се чини поетична и едноставни како тој. Никој немал вакви вештини и талент да изложи сложени човечки карактери во целата нивна трагедија и убавина.” Tumanyan започнал да пишува на 11-годишна возраст, но станал познат како поет дури во 1890 година. Како плоден лектор и писател, позади себе оставил огромно творечко дело, како во поезијата така и во прозата.

**ACRPC е членка на коалицијата за едукација на Глобалната кампања за образование од Ерменија. Повеќе за ACRPC видете на www.acrpc.am**

**Мојот пријател Несо**
**од Hovhannes Tumanyan (1914)**

1. Бевме група деца од селото, сите пријатели. Немаше училиште, немаше часови, немаше образование. Оставени целосно сами на себе, не правевме ништо друго, освен што игравме заедно цело време. Како игравме! И колку бевме блиски едни со други и навикнати едни на други. Кога бевме гладни, трчавме дома, ќе грабневме парче леб од кошницата и парче сирење од кантата и со брзање се враќавме назад за да се најдеме повторно. Во вечерите се собиравме заедно да се веселиме и смееме или раскажуваме приказни.
Еден од групата се викаше Несо.Тој знаеше толку многу, многу приказни на коишто им немаше крај. Во летните вечери на месечината обично седевме на дрвени трупци пред вратата

и гледавме со возбудени очи полни со воодушевување во лицето на Несо, кое светеше со ентузијазам. Тој ќе ни кажеше за „Големите пазари“, „Смарагдната птица“, „Светот на светлината и темнината“... „Несо, Несо! Сега раскажи ни за слепиот крал, приказната за убавата птицата, приказната за ќелавиот човек и Касак.“

2. Се отвори училиште во нашето село. Некои триесет деца, вклучувајќи ме и мене, тргнавме на училиште. Но со оглед на тоа што годишната такса за секое дете беше три рубини, многу од децата од селото не беа во можност да одат поради тоа што нивните родители не можеа да издвојат средства. Поради тоа многу од моите другари беа оставени надвор од училиштето, меѓу нив и Несо. Ова беше првпат да бидеме разделени еден од друг, и бевме разделени од училиштето и учителката. За првпат станавме свесни за фактот дека бевме едни кои имаат и други кои немаат. Дури и денес горкиот плач на Несо ми одекнува во ушите. Тој се валкаше на земја пред нивната куќа викајќи дека и тој сака да оди на училиште. И гласот на неговиот татко, исто така, ми одекнува во ушите: „Ги немам потребните средства! Едноставно немам! Како можам да платам за нешто кога немам! Да имав три рубини, ќе купев леб за да те нахранам. Но немам и ете затоа си гладен!“

Несо и другите наши пријатели кои не беа во можност да одат на училиште доаѓаа и се собираа во училишниот двор за да слушаат што правиме. Но учителот не им дозволуваше и ги бркаше. Дури и не им дозволуваше да си игра со нас за време на одморите, кажувајќи им дека децата од надвор нема зошто да играат со децата од училиштето. Седеа на училишните ѕидови чекајќи да завршат нашите часови за да можеме да си одиме дома сите заедно.

За време на мојата прва година во училиште постепено стекнав нови пријателства со нови момчиња. На крајот од училишната година, Несо и моите други пријатели надвор од

училиштето веќе не доаѓаа да седат на училишните ѕидови за да ме чекаат.

3. После неколку години од постоењето на нашето селско училиште, мојот татко ме испрати на училиште во блискиот град. Ова беше комлетно нов свет за мене. Куќите беа бели со црвени покриви и луѓето беа убаво облечени и чисти. Самото училиште беше големо и убаво, и немаше само еден учител, како во нашето училиште, туку повеќе. И дури имаше и жени – учителки, што за мене беше новина и изненадување, сепак пријатно. Моите алишта, исто така, беа променети за да одговараат на местото и училиштето.

Носев училишна униформа, елегантна и чиста. За празниците се враќав во моето село. Штом разбрале за моето доаѓање, Несо и моите пријатели дојдоа рано наутро и чекаа надвор од мојата куќа правејќи врева. Јас излегов и им пристапив. Не се сеќавам како се поздравивме едни со други. Единствено се сеќавам дека беше изгубена искреноста и интимноста. Најпрво обратија внимание на мојата облека. Несо дури и се потсмеваше на мојата кратка училишна туника: „Како подстрижано палто“. Сите почнаа да се смеат и јас бев многу навреден, но ништо не реков. Тогаш Несо ги допре моите алишта, и другите моето одело и беа изненадени од мекоста на материјалот. Навистина целото наше село изгледаше валкано и погодено од сиромаштијата.

4. После неколку години во ова средно училиште, татко ми ме испрати во град, во уште поголемо училиште. Кога се вратив дома, моите поранешни пријатели, коишто веќе беа високи и силни млади луѓе, дојдоа да ме поздрават како и остатокот од селаните. Стоеја на пристојна далечина. Само еднаш во разговорот во кој другите ми поставуваа прашања, Несо праша: „Се сеќаваш ли како седевме на дрвените трупци пред твојата врата и раскажувавме приказни?“

„Дали се сеќавам?“ - извикав. „Како можам да заборавам? Тоа е едно од моите најдобри сеќавања од детството.“

Несо изгледаше возбудено, но сепак беше далечен како странец. Кога дојде време да се вратам на училиште, се случи да го изнајмиме коњот на таткото на Несо за јавање. Несо одеше позади коњот. Тргнавме, јас на коњот, а Несо одеше отстрана во стари и износени сандали. Тоа беше премногу тешко за моето срце. По извесно време изјавив дека повеќе сакам да пешачам и се симнав од коњот. Така цел пат одевме заедно и зборувавме. Несо беше многу задоволен од тоа, но забележав дека тој тоа го сметаше не како резултат на мојата добрина и пријателски чувства, туку како моја глупост. Јас бев видно вознемирен од ова, но сепак ме чекаше поголемо разочарување. По патот застанавме да се одмориме и да јадеме. Кога дојдовме до лубеницата, јас го извадив мојот џебен нож и му го подадов на Несо за да ја пресече. Како што се подготвувавме да си одиме, забележав дека ножот исчезна. Несо тврдеше дека ми го вратил и дека јас сум го ставил во мојот џеб. Иако знаев многу добро дека не ми го врати, јас ги пребарав моите џебови и тргнавме. Не се сомневав воопшто дека тој ми го украде ножот, и подоцна луѓето во селото ми кажаа дека го виделе со ножот. Патував со тешко срце, не дека го изгубив ножот, туку поради тоа што изгубив нешто друго, многу повредно, нешто многу посебно коешто беше неразбирливо за Несо. Кога пристигнавме на нашата дестинација и кога беше време Несо да се врати, му дадов пари за коњот. Неговата единствена реакција беше тоа што ме праша неучтиво: „А бакшиш?“ Бев многу збунет, но му дадов и бакшиш. Но оттогаш секогаш кога се присетував на деновите од детството и оние ноќи со нашата група кога седевме на трупците од дрва под месечината и како Несо раскажуваше приказни, моето срце чувствуваше жал и тага.

5. “Несо е сиромашен. Несо е неук. Несо е поразен од тешкиот живот на селската тешка судбина. Доколку и тој добиеше образование и имаше сигурност, можеше да стане добар човек, можеби многу подобар од мене... Секогаш мислам така кога ќе се сетам на Несо и се обидувам да го оправдам, разберам и да го сакам повторно како што го сакав во детството. Секогаш сакам да ја имам во мене сликата на Несо од тивките, ѕвездени ноќи. Но залудно, сè е залудно. Една по една излегуваат сликите, срамни и болни. Кога дипломирав и го пробивав патот низ животот, уште еднаш се вратив во селото. Како што одев кон центарот, сретнав гласна гужва на собрани селани, а во средината беше Несо со наведната глава. Неговите раце беа врзани со јаже.

На моето прашање што се случува, тие одговорија дека тој крадел. Интервенирав и тие го пуштија. Но сè уште се сеќавам на сликите во мојата глава каде го гледам со наведната глава и врзани раце со јаже, како стои на светлото сонце и како гужвата вика околу него. Крадењето, врзувањето на рацете со јаже и тепањето е нешто што многу вообичаено се случува во нашето село. Оваа слика силно се врежа во моето сеќавање, како и другите слики: Несо малото момче, Несо раскажувачот на приказни, седнат на дрвените трупци во ноќите на месечината, невиниот и наивен Несо, мојот пријател од детството. СИ БЕШЕ НЕКОГАШ... Многу приказни почнуваат со реченицата: „Си беше некогаш“.